РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-404/3
21-09-2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по претставката бр. 08-373/1 од 06.07.2022 година, врз основа на член 40 став 6 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015 и 65/2018), а во врска со член 25 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Претставката бр. 08-404/1 од 04.08.2022 година, поднесена од [redacted] за заштита од дискриминација СЕ ОТФРЛА.

## Образложение

Лицето [redacted] на 04.08.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) поднесе претставка заведена под бр. 08-404/1, за заштита од дискриминација.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Комисијата во согласност со член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја задолжи подносителката да ја доуреди претставката во рок од 8 дена од денот на приемот на барањето, со обезбедување на целосни податоци за адресата за контакт, како и соодветен документ од кој ќе се види односот со лицето за чие име се поднесува претставката (полномошник, застапник – родител или старател и сл.).

Горенаведеното лице во предвидениот рок не постапи по задолжението на Комисијата и не ја доуреди претставката со бараните податоци.

Од горенаведените причини, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Скопје,
__________.2022 година

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација,
Претседател,
Кире Василев

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk